Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово Уп1 бр.02-306 од 09.07.2020 година, со дополнувања Уп1 бр.02-306 од 07.08.2020 година и Уп1 бр.02-306 03.09.2020 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3518/11 од 25.09.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Мухамер Асани со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted], со учество од 50% во основната главнина;

- за истапување на физичкото лице Демири Ајет, со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted], со учество од 50% во основната главнина; и

- за пристапување на физичкото лице, Енкелејда Шелбурне со ЕМБГ [redacted] и адреса на живеење „[redacted].

2. Се задолжува Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 09.07.2020 година, со дополнувања Уп1 бр.02-306 од 07.08.2020 година и Уп1 бр.02-306 од 03.09.2020 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово (ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово).

Со оглед на тоа дека првично доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 09.07.2020 година не беше уредно, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испрати Допис - Известување за неуредна документација Уп1 бр.02-306 од 13.07.2020 година, до управителот на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово и до адвокат Васка Ристовска Јаневски (ополномоштеното лице од страна на управителот на ТРД

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

РАДИО ФАМА ДОО Тетово, согласно Полномошното број УЗП 4646/2020 од 03.07.2020 година), со цел истото да го доуреди.

Со цитираниот допис, Агенцијата го извести радиодифузерот дека Известувањето не е уредно, односно дека во истото наведени се погрешни податоци за радиодифузерот (матичен и даночен број на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово), не е наведена адресата на живеење на лицето Мухамер Асани, наведен е погрешен износ на учество на лицето Мухамер Асани во основната главнина на радиодифузерот, од доставената документација не е јасно кој пристапува кон сопственичката структура на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово. Според податоците наведени во точката „ПЛАНИРАНА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА“ во предметното Известување, во сопственоста на радиодифузерот пристапува физичко лице, а според нотарски заверената изјава од управителот на радиодифузерот пристапува правно лице. Воедно, наместо податоци за лицето кое е планирано да пристапи во сопственичката структура на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово, наведени се податоци за радиодифузерот. Исто така беше наведено дека согласно Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите упатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, полномошното и Тековната состојба за радиодифузерот треба да бидат во оригинал или копии заверени на нотар, а тековната состојба не треба да биде постара од 15 дена од денот на издавањето.

На 07.08.2020 година, ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово достави ново коригирано Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 07.08.2020 година. Агенцијата при проверка на податоците од Известувањето констатираше дека и ова Известување не е уредно, во смисла на тоа што податоците за адресата на живеење на физичкото лице кое пристапува во сопственоста на радиодифузерот не се целосни, а нотарски заверената изјава од физичкото лице и тековната состојба за радиодифузерот не се во согласност со Правилникот за формата и содржината на Известувањето за промена на сопственичката структура. Воедно, беше укажано дека доколку Известувањето за промена на сопственичката структура се доставува преку полномошник, потребно е да се достави важечко полномошно.

Имајќи го предвид погоренаведеното, Агенцијата до Управителот на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово повторно испрати Допис – Известување за неуредна документација Уп1 бр.02-306 од 18.08.2020 година, со кој го извести за неуредноста на доставената документација и му укажа погоренаведените потребни податоци и документи да ги достави во Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот.

На 03.09.2020 година, ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово до Агенцијата достави нов Образец на Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 03.09.2020 година. Со оглед на тоа, се утврди дека вака доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 03.09.2020 година е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

За да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата побара од Централниот регистар на РСМ (допис арх.бр.03-3417/1 од 09.09.2020 година) податоци на кои трговски друштва се јавуваат како основачи физичките лица Енкелејда Шелбурне и Бетим Демири, како и ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово. На 16.09.2020 година Централниот регистар на РСМ ги достави до Агенцијата бараните податоци (наш арх.бр.03-3417/2), од кои е видно дека ниту физичките лица Енкелејда Шелбурне и Бетим Демири, ниту радиодифузерот не се јавуваат како основачи на трговски друштва.

Оттука, со планираната промена во сопственичка структура на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово, како единствен сопственик на ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово ќе биде физичкото лице - Енкелејда Шелбурне со ЕМБГ [redacted] со адреса на живеење [redacted].

Следствено на наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво РАДИО ФАМА ДОО Тетово не се создава недозволена

медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-306 од 09.07.2020 година, со дополнувања Уп1 бр.02-306 од 07.08.2020 година и Уп1 бр.02-306 од 03.09.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Бр.02-306**
**25.09.2020 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.